eurolink Member of GRAWE GROUP
СЕКОГАШ ПОКРАЈ ВАС

ВО БИТОЛА ИСКОПАНИ УШТЕ 303 ПУШКИ ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ, СЕ ПРЕТПОСТАВУВА ДЕКА ИМА ИЛЈАДНИЦИ

5445

23 мај 2024

Битола, (САКАМДАКАЖАМ.МК)

Отстранетото оружје се складира на безбедно, а потоа ќе се носи во Железарницата во Скопје на топење (Фото: СДК.МК)

Уште 303 пушки од Балканските војни и други парчиња оружје се пронајдени при денешното пребарување на теренот во поранешната битолска касарна, на местото каде што се гради новиот противпожарен дом. Со вчера откриените 110 пушки, бројката се искачи на 413. Пиротехничарот Ѓорги Стефанов од Дирекцијата за заштита и спасување вели дека е можно да има уште многу, слично како гранатите што ги откопа пред четири години кај Стадионот во Битола.

- ***НАД 100 ПУШКИ ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ ПРОНАЈДЕНИ НА МЕСТОТО КАДЕ ЌЕ СЕ ГРАДИ НОВИОТ ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ ВО БИТОЛА***

„Денеска извадивме уште 303 пушки, артилериска граната од 95 милиметри и 30 куршуми со калибар 7,2 милиметри. Продолжуваме в понеделник и се очекува количината да достигне како што беше со гранатите кај Стадионот, кога се извадија 12.500 гранати. Пушките беа закопани во земја. Произведени се од 1910 до 1912 година, од непознато потекло се, веројатно турски. Повеќето се ‘рѓосани и распаднати“, рече Стефанов.

Отстранетото оружје се складира на безбедно, а потоа ќе се носи во Железарницата во Скопје на топење. Додека не бидат отстранети сите опасни средства, изградбата на противпожарниот дом ќе биде запрена.

Ж. ЗДРАВКОВСКА

Симнете ја мобилната апликација
GET IT ON Google Play | Download on the App Store

©SDK.MK Крадењето авторски текстови е казниво со закон. Преземањето на авторски содржини (текстови) од оваа страница е дозволено само делумно и со ставање хиперлинк до содржината што се цитира

Дописна мрежа | Балкански војни | Битола | пушки

ПОВРЗАНИ


НЕ ПОМИНА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БИТОЛСКИ „ВОДОВОД“, ДИРЕКТОРОТ МИЛЕВСКИ СЕ ПОДГОТВУВА ЗА ПРАТЕНИК И ВЕЛИ ДЕКА ЗАГУБАТА ОД 22 МИЛИОНИ ДЕНАРИ СЕ ДОЛЖИ НА ИНФЛАЦИЈАТА


ЛУТО СЛАТКО ОД ПИПЕРКИ СО ТЕМНО ЧОКОЛАДО, ЏЕМОВИ ОД КРУША СО ЛАВАНДА И НАНЕ – НОВИ ВКУСОВИ НА БИТОЛСКИОТ САЕМ ЗА ОРГАНСКА ХРАНА

УЧИЛИШТАТА ВО БИТОЛА СО ГОДИНИ НЕ ПЛАЌАЛЕ СТРУЈА


ОД СОЛУНСКА ВО БИТОЛА ДО МОНАСТИРИУ ВО СОЛУН – ДВЕ ДРЖАВИ, ДВА ГРАДА И ДВЕ УЛИЦИ НИЗ КОИ ПОМИНУВАЛЕ ОД СУЛТАНИ ДО НЕВЕСТИ



Најчитани

НА ЉУПЧО ПАЛЕВСКИ МУ Е ПОТВРДЕН ПРИТВОРОТ ПОРАДИ ОПАСНОСТ ДА ИЗБЕГА ИЛИ ПАК ДА УБИЕ

ПОТРОШИЛЕ 156,4 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ИЗГРАДБА НА ГАСОВОДИ, ДАЛЕ УШТЕ ДВА МИЛИОНА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, А НЕ ПУШТИЛЕ НИТУ КИЛОМЕТАР ВО УПОТРЕБА, ОБВИНИТЕЛСТВОТО ГО РАЗГЛЕДУВА СЛУЧАЈОТ НА НОМАГАС

„НЕМА ДА ДОЗВОЛИМЕ ГЛУВИТЕ ДА ОДЛУЧУВААТ ЗА УЧИЛИШТЕТО“, ВИКАЛА ПРОФЕСОРКА НА ГЛАС ЗА ГЛУВА КОЛЕШКА, ГИ ДИСКРИМИНИРАЛА И ДЕЦАТА ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА ГЛУВИ НАРЕКУВАЈЌИ ГИ „ГЛУВТАРИ“

УКРАИНСКИ ТРАНСПОРТЕН АВИОН СЕКОЈ ДЕН СЛЕТУВА ВО СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА Е ПЕТТИ НАЈГОЛЕМ ДОНАТОР НА ОРУЖЈЕ ВО УКРАИНА СПОРЕД ПРОЦЕНТ НА БДП

ПОЧИНА АРХИТЕКТКАТА МИМОЗА НЕСТОРОВА-ТОМИЌ, АВТОРКА НА СРУШЕНАТА СТОКОВНА КУЌА „БЕКО“

„САКАМ ДА КАЖАМ“

платформа за слободоумни е проект на

СДК Михајловски Дооел, Скопје и на Здружение „Сакам да кажам“ Скопје.

Уредник: Горан Михајловски
Проверка на факти: Марина Костова
Менаџер на социјални мрежи: Мирослав Илиоски
Редакција: sdk@sdk.mk
контактирајте нè: info@sdk.mk
Поштенски фах: 367

©SDK.MK Крадењето авторски текстови е казниво со закон. Преземањето на авторски содржини (текстови) од оваа страница е дозволено само делумно и со ставање хиперлинк до содржината што се цитира

Архива

Архива

Изберете месец

Колумната **САКАМ ДА КАЖАМ** излегува од 12 јануари, 1991 година

© 2016 - 2024 Сакам Да Кажам. Сите права задржани | Политика на приватност | Политика на инклузија | Правилник за внатрешно пријавување | Кодекс на однесување | Маркетинг понуда